

# Извештај за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор

јануари 2007 – декември 2008 година

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Сашо Клековски
Прв извршен директор

**Автор**
Емина Нурединоска

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**
Кома лаб. Скопје

**Печати**
Боро Графика, Скопје

**Тираж**
1000

**Адреса на издавачот:**
Македонски центар за меѓународна соработка
Ул. „Никола Парапунов“ бб, п.фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија

**e-mail:**
mcms@mcms.org.mk
www.mcms.org.mk
www.graganskisvet.org.mk

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.51.072.2:061.2(497.7)”2007/08”(047)

НУРЕДИНОСКА, Емина
Извештај за спроведувањето на стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор : јануари 2007 - декември 2008 година / Емина Нурединоска. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2009. - 17 стр. ; 27 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-102-79-0

а) Македонија - Влада - Соработка - Невладини организации - 2007-2008 - Извештаи
COBISS.MK-ID 75945994

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ГПМ – Граѓанска платформа на Македонија

ДДВ – Данок на додадена вредност

ЕАР – Европска агенција за реконструкција

ЕУ – Европска Унија

ЗЕЛС - Заедницата на единиците на локалната самоуправа

ЗЗФГ – Закон за здруженија на граѓани и фондации

ЗКК - Заедничкиот консултативен комитет на Република Македонија со Економско-социјалниот комитет на Европската Унија

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

МИА – Македонска интеретничка асоцијација

МИПД - Повеќегодишен индикативен документ

МЦМС – Македонски центар за меѓународна соработка

НВО – Невладини организации

СОЖМ – Сојуз на организациите на жените на Македонија (Национален совет на жените на Македонија)

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

ХОПРС – Опции за здрав живот

ЦГИ – Центар за граѓанска иницијатива

ЦИРа – Центар за институционален развоја

# Извештај за прогресот на спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011) за периодот јануари 2007 – декември 2008 година

## 1. ПОЗАДИНА

Една од активностите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) предвидени со програмата Институционален развој на граѓанското општество, е периодично известување за текот на спроведувањето стратегии и политики релевантни за граѓанскиот сектор. Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (во понатамошниот текст Стратегијата) е основниот документ кој ја регулира соработката меѓу Владата и граѓанските организации, а наедно предвидува низа мерки коишто се однесуваат на одржливоста на граѓанскиот сектор.

На седницата, одржана на 23 јануари 2007 година, Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот 2007-2011 година. Овој документ содржи и акциски план за спроведување со определени цели, мерки и активности, како и рокови и одговорни институции за спроведување на истите. Стратегијата е подготвена во исклучително партиципативен процес кој се спроведуваше во периодот од март до декември 2006 година и во кој, покрај релевантните државни службеници како дел од работниот процес на подготовката на Стратегијата, на 6 јавни расправи беа вклучени и голем број претставници (околу 380) од граѓанските организации.

## 2. ЦЕЛИ НА ИЗВЕШТАЈОТ

Генералната цел на извештајот е да се даде придонес кон ефикасно спроведување на Стратегијата. Извештајот треба да го согледа прогресот на Стратегијата и да даде препораки до одговорните за спроведување и координација на Стратегијата.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Извештајот треба да опише и проучи неколку главни прашања: оценка за спроведување на активностите (квантитет и квалитет) во период од 24 месеци, исполнување на планираните активности согласно дадената временска рамка, истакнување на позитивните остварувања, тесни грла и клучни потфрлувања, заклучоци за текот на активностите и препораки за надминување.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

Извештајот е заснован на: „Извештајот за реализираните активности предвидени со Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2007 година“ подготвен од Одделението за соработка со невладините организации, анализа на веб-страниците на релевантните органи на државната управа и индивидуални консултации со претставници од граѓанските организации.

# 5. НАОДИ И АНАЛИЗА

## *5.1. Вовед*

Општата цел на Стратегијата е унапредување на соработката на Владата и ресорните министерства со граѓанскиот сектор. Таа треба да служи како водечка рамка за политиката на државата за соработка и поддршка на граѓанскиот сектор, која ќе ги одрази приоритетите, принципите и предложените пристапи во неа.

Покрај унапредувањето на меѓусебната комуникација и соработка, овој документ исто така цели и кон создавање поповолна средина за дејствување на граѓанскиот сектор, како и кон овозможување заеднички придонес во решавање на потребите на заедницата и во обезбедување услови граѓанскиот сектор да може да ја оствари својата општествена улога.

Додадената вредност на Стратегијата е нејзиниот придонес кон севкупните евроинтеграциски процеси на Република Македонија. Имено, во Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија е идентификуван степенот на остварување на соработката и партнерството меѓу Владата и граѓанскиот сектор како значаен фактор во процесот на вкупните реформи во државата.

Примарната улога за координирањето и спроведувањето на Стратегијата ја има Одделението за соработка со невладините организации и Генералниот секретаријат на Владата. Според тоа, Одделението има обврска да поднесува годишни извештаи за спроведување на Стратегијата, додека по истекот на две години од спроведувањето ќе се направи и надворешна оценка на постигнувањата од спроведувањето на Стратегијата. Периодот на спроведување на Стратегијата е јануари 2007 – декември 2011, а мерките и активностите се групирани во седум посебни цели.

## *5.2. Реализирани мерки по цели*

*<u>Цел 1: Надградување на правната рамка</u>*

### *Предвидени мерки • • • •*

Првата цел од Стратегијата е посветена на надградба на правната рамка за граѓанскиот сектор којашто подразбира обезбедување подобри услови за основање и функционирање на граѓанските организации, како и усогласување на домашното законодавство со најдобрите европски практики и прописи. Четири групи мерки е предвидено да се преземаат во овој дел, а тоа се:

1. Измени и дополнувања на Законот за здруженија на граѓани и фондации (ЗЗФГ);
2. Преземање мерки за ефикасно спроведување на донесените решенија преку подготовка и усвојување на подзаконските акти врз основа на анализа на споредбени и домашни решенија;
3. Промовирање на законските новини и можности меѓу граѓанските организации;
4. Зајакнување на капацитетите на владините службеници кои ќе го применуваат законот.

Со реализација на овие мерки, меѓу другото, се очекува да се подобри правната рамка со што ќе се даде можност секој да има право да се здружува и учествува во управувањето на граѓанските организации, да се обезбедат услови граѓанските организации директно да се занимаваат со економски активности и да се воведе посебен статус на организации од јавен интерес, а со тоа ќе се овозможи и зголемена одговорност во работењето на граѓанските организации.

Рокот за спроведување на овие мерки е првата половина од 2007 година.

**Одговорни институции за спроведување се Министерството за правда и Генералниот секретаријат на Владата.**

## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерка 1 •*

Во март 2007 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ бр. 29/07). Причината за донесување на измените е усогласување со Законот за централен регистар и во него се предвидени само измена на одредби кои се однесуваат на регистрацијата на здруженијата на граѓани и фондациите. Имено, со овие измени решението коешто беше предвидено во ЗЗГФ од 1998 година здруженијата и фондациите да се регистрираат во основните судови е заменето со нивна регистрација во Централниот регистар. Придобивката за организациите од оваа одлука е брзината на постапката при процесот на регистрација.

Министерството за правда во мај 2007 година формира работна група за подготовка на нов закон за здруженија и фондации. Во Работната група членуваат и претставници на граѓанските организации. Во текот на 2007 и на 2008 година одржани се неколку координативни состаноци на Работната група. Работната верзија на Законот ги содржи клучните измени коишто, почнувајќи од 2002 година, се во континуитет посочувани како неопходни од страна на граѓанските организации, а тоа се: полиберална регистрација, директно занимавање со економски активности, прецизна формулација и поделба на управните и извршните органи, статус на организација од јавен интерес и сл.

Законот е сè уште во работна процедура.

### *Мерки 2, 3 и 4 • • •*

Бидејќи другите мерки коишто се предвидени со оваа цел треба да следуваат по донесување на новиот ЗЗГФ, истите не се отпочнати со реализирање.

## *<u>Цел 2: Учество на граѓанскиот сектор во креирање на политиките</u>*

### *Предвидени мерки • • •*

Втората цел којашто ја поставува Владата во Стратегијата е развивањето систем на основни начела за вклучување на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки. Со тоа, ќе се овозможат услови граѓанските организации да учествуваат во донесување одлуки и во подготовка на државни акти преку учество во јавни дискусии и поднесување мислења и да бидат вклучени во меѓусекторски работни групи и владини советодавни тела (како, на пример, стручните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и др.).

Следните мерки се предвидени за остварување на оваа цел:

1. Измена на Деловникот за работа на Владата со којшто ќе се утврдат механизми за активно учество на претставници на граѓанските организации во донесувањето политики, закони и други одлуки и нивно активно учество во работни групи во кои се подготвуваат политиките на ниво на Влада и во органите на државната управа;
2. Да се овозможи предлог-законите да се достапни на јавноста преку интернет-страниците на министерствата и другите органи на државната управа;
3. Да се подготват мерки за обезбедување учество на претставници од граѓанскиот сектор во работата на стручните совети на Владата и други тела;
4. Да се овозможи соработка и учество на граѓанските организации во процесот на подготовката на буџетот на Република Македонија, како и транспарентно и навремено информирање на граѓанските организации за основните насоки за буџетската политика и извршувањето на буџетот;
5. Да се создаде коалиција со граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата.

Рокот за измени во законската регулатива и воспоставување на начелата и механизмите на вклученост е периодот 2007-2008, додека следењето ќе биде континуирано до 2011 година.

**Одговорни институции за спроведување се Генералниот секретаријат на Владата и сите ресорни министерства.**



## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерка 1 •*

Со измените на Деловникот за работа на Владата („Службен весник на РМ“ бр. 36/08) од март 2008 година регулирано е прашањето за достапност на предлог-законите на веб-страниците на министерствата кои ги подготвуваат тие предлози. Ставот 1 од членот 71 од Деловникот гласи: *„Предлозите за донесување закони, нацртите и предлозите на закони, надлежното министерство ги објавува на својата интернет-страница и во единствениот електронски регистар на прописи“.* Во истиот член, со ставот 4 се дополнува дека *„секоја заинтересирана страна може во единствениот електронски регистар на прописи да достави мислење, забелешки и предлози во врска со објавените предлози за донесување закон, нацртите и предлозите на законите во рок од 10 дена од денот на објавувањето“.*

### *Мерка 2 •*

Исто така, новина е и обврската на надлежните министерства да подготват извештаи за добиените мислења во кои треба да се наведат причините поради кои забелешките и предлозите не се прифатени и истите треба да се објават на интернет-страницата на соодветното министерство и во единствениот електронски регистар на прописи[1]. Иако овие одредбите од Деловникот ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година, некои од министерствата веќе отпочнале со оваа практика. Имено, забележани се објавени предлози на: Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Министерството за здравство. Највидливи и најлесно достапни се предлозите на законите кои се објавени на страницата на Министерството за финансии и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. На другите електронски страници потребно е повеќе време за да се дојде до предлог на законот.

### *Мерка 3 •*

Учеството на претставници од граѓанскиот сектор во работата на стручните совети на Владата сè уште не е обезбедено, бидејќи не се формирани економскиот совет и правниот совет кои се предвидените со Деловникот за работа на Владата како постојани стручни консултативни тела. Во јануари 2008 година од страна на Одделението за соработка со невладините организации доставен е допис до Комисијата за именување на Владата со кој се бара, при формирањето на овие тела, да се овозможи и вклучување претставници од граѓанскиот сектор.

Од друга страна, органите на државната управа, пред сè министерствата, во изминатите 24 месеци во повеќе различни ситуации вклучија граѓански организации во нивните работни тела.

Министерството за правда вклучи двајца претставници од граѓанскиот сектор во работната група формирана со цел да се подготви нов закон за здруженија на граѓани и фондации.

Министерството за труд и социјална политика ги вклучи граѓанските организации во директна подготовка на закони, подзаконски акти и стратегии. За дел од донесените прописи граѓанските организации беа членови на работните групи во кои се подготвуваа, додека за одреден дел се консултирале преку јавни расправи, тркалезни маси, работилници. Закони кои се подготвени или донесени со учество на граѓанските организации се: Законот за волонтерство со правилници кои произлегуваат од овој Закон; Измени на Законот за вработување инвалиди; Предлог-закон за социјална заштита и социјална сигурност; Предлог-закон за заштита од дискриминација; Предлог-национална стратегија за заштита од семејно насилство; Предлог-стратегија за деинституционализација; Национален план за акција за родова еднаквост и др[2].



[1] „Службен весник на РМ“ бр. 36/8, Деловник за работа на Владата на Република Македонија (пречистен текст), член 71, став 5.

[2] http://www.nvosorabotka.gov.mk, Извештај за реализираните активности предвидени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2007 година, страница 4

## Закон за волонтерство

Иницијативата за донесување на Законот за волонтерство е од јануари 2007 година, а законот беше усвоен на 2 јуни 2007 година.

Процесот беше воден од страна на Министерството за труд и социјална политика во соработка со граѓанските организации (како ЦИРа и др.). Претставници од граѓанскиот сектор беа вклучени во работната група која го подготвуваше законот, а и сто така и во организацијата на јавните расправи. Беа организирани 6 јавни расправи во Битола, во Штип, во Скопје, во Струмица, во Велес и во Гостивар на кои претставници од граѓанските организации и државни институции беа запознаени со текстот на нацрт-законот и даваа свои препораки за негово подобрување. На истите учествуваа над 100 граѓански организации.

Исто така, Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на граѓанските организации, подготви правилници поврзани со спроведувањето на Законот (во октомври се усвоени правилниците за евиденција на странци волонтери, Правилникот за евиденција на волонтери и Правилникот за изгледот на волонтерската книшка).

Министерството за локална самоуправа во процесот на консултации при подготовката на Законот за рамномерен регионален развој ги вклучи граѓанските организации. Нивната поинтензивна соработка поради доменот на работа, пред сè, се одвива со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)[3].

И Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најчесто во процесите на креирање на политиките ги вклучува граѓанските организации кои се релевантни за областа во која работи Министерството. При подготовка на Законот за земјоделство и рурален развој вклучена е Федерацијата на македонски фармери и Сојузот на земјоделците на Македонија. Покрај овие две здруженија, во подготовката на Законот за тутун и преработки вклучен бил и Сојузот на здруженијата на тутунопроизводителите[4].

Во Министерството за внатрешни работи при подготовка на Законот за оружје, активно вклучени во работната група која го изготвуваше предлогот беше Националната асоцијација за оружје. Исто така, се изврши консултација со неколку организации и при подготовката на Законот за полиција[5].

Покрај активностите кои ги преземаат министерствата во процесите на подготовка на закони и стратешки документи, во текот на 2007 година и 2008 година и од страна на Генералниот секретаријат, односно Одделението за соработка со невладините организации, преземени се неколку активности со цел да се информираат граѓанските организации за постоечките можности за вклучување во креирањето на политиките. Во Скопје, во јуни 2007 година, во организација на Одделението и на Граѓанската платформа на Македонија, организирана е еднодневна работилница на темата „Учество на граѓанскиот сектор во креирањето политики“. Во декември 2007 година се одржа еднодневната конференција „Учество на граѓаните и граѓанските организации во процесот на креирање политики и донесување одлуки“, повторно во организација на Одделението за соработка со невладиниот сектор, заедно со Канцеларијата за контакти помеѓу НВО и Собранието и Европскиот центар за непрофитно право. Во март 2008 година, Одделението беше иницијатор и домаќин на регионалната конференција на темата „Владината соработка со граѓанските организации“, на која учествуваа претставници од владините тела надлежни за соработка со граѓанскиот сектор во: Србија, Албанија, Црна Гора, Хрватска и Словенија.

## *Мерка 4 и 5* • •

Нема активности во однос на вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовката на буџетот на Република Македонија, како и транспарентно и навремено информирање на граѓанските организации за основните насоки за буџетската политика и извршувањето на буџетот. Исто така, нема активности во насока на создавање коалиција со граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата.

[3] Ibid, страница 5

[4] Ibid, страница 5

[5] Ibid, страница 6

### *Цел 3: Остварување меѓуинституционална соработка*

### *Предвидени мерки • • • •*

Следната цел во Стратегијата се однесува на владините институции во чии рамки потребно е да се обезбеди функционална мрежа која ќе придонесува кон олеснета комуникација и координација на активностите поврзани со развојот на граѓанскиот сектор. Следните мерки се предвидуваат со оваа цел:

1. Зајакнување на капацитетите на Одделението за соработка со невладините организации;
2. Назначување одговорни лица за соработка со граѓанските организации во ресорните министерства;
3. Развивање систем за размена на информации и консултации, помеѓу Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници со цел да се следи соработката помеѓу институциите;
4. Организирање едукативни расправи и работилници за прашања значајни за секторот за одговорните лица во министерствата кои соработуваат со граѓанските организации во нивната работа.

**Генералниот секретаријат, во соработка со другите органи на државната управа, е одговорна институција за спроведување на овие мерки.**

Временската рамка е 2007-2008 (интензивно) и 2009–2011 (континуирано следење).

## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерка 1 •*

Најголемиот дел од активностите се реализирани во рамките на проектот „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата“[6], во компонентата за градење капацитети, во чии рамки беше изготвена процена на потребите за обука.

Во периодот од ноември 2006 до септември 2007 година, за Одделението за соработка со невладините организации и за дел од државните службеници одговорни за соработка со граѓанскиот сектор во министерствата и другите државни институции, беа организирани: три студиски посети во Унгарија, во Данска и во Англија; четири обуки за „Комуникација со граѓанскиот сектор и јавноста“, „Стратешка анализа, следење и оценка“, „Динамики и димензии на граѓанското општество“ и „Финансиски менаџмент“, како и две обуки низ работа за двајца службеници од Одделението во Словенија и во Хрватска. Исто така, со поддршка на ОБСЕ и на МЦМС, во текот на 2008 година вработените во Одделението учествуваа на 9 обуки, меѓу кои: Обука за раководење со човечки ресурси; Обука за раководење со проектен циклус; Обука за добро управување; Напредна обука за лобирање и застапување и др.

Меѓутоа, треба да се спомне и донекаде ограничувачката организациска поставеност на Одделението за соработка со невладините организации. Одделението се наоѓа во рамките на Секторот за анализа на политиките и координација во рамките на Генералниот секретаријат на Владата. Процедурите за комуникација се подеднакво исти во сите органи на државната управа, па според нив се водат и вработените во Одделението. Меѓутоа, ваквата ситуација понекогаш доведува до ненавремено реагирање на релевантни барања или случувања од и во граѓанскиот сектор. Од една страна, потребното време за добивање одговор за одредено прашање или барање од страна на граѓанските организации до Одделението трае и по десетина денови поради потребата од одобрување од највисокото ниво во хиерархијата на Генералниот секретаријат. Пример е барањето на МЦМС за добивање писмо за поддршка од страна на Одделението, а за потребите за поднесување пријава на одреден конкурс. Од доставување на барањето до добивање одговор, потребни беа 10 дена. Станува збор само за писмена поддршка која нема финансиски реперкусии и за која е очекувано да има брза процедура и да се одлучува на ниво на одделение. Од друга страна, позицијата на Одделението не ја дозволува директната комуникација со другите повисоки инстанци на органите на државната управа, што со оглед на природата на работа, одговорностите опре-

[6] Проектот „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата“ се спроведуваше во периодот од декември 2005 до септември 2007 година. Истиот беше финансиран од Европската Унија, раководен од Европската агенција за реконструкција и спроведуван од конзорциум од три организации: КОВИ (ЦОЊИ) од Данска, МЦМС од Македонија и ИНТРАК (ИНТРАЦ) од Велика Британија

делени во Стратегијата и деловниот план на Одделението бараат поголема флексибилност.

### *Мерки 2 и 3 • •*

Сите министерства имаат назначено лица за контакт за соработка со граѓанските организации коишто се поврзани во меѓуинституционална мрежа координирана од страна на Одделението за соработка со невладините организации. Целта на оваа мрежа, пред сѐ, е координација при спроведување на активностите определени со Стратегијата. Во февруари 2007 година, во организација на Одделението за соработка со невладините организации, одржана е координативна средба со одговорните државни службеници, на која се усвоени препораки за идната соработка на Одделението со државните службеници. Согласно препораките, Одделението за соработка со невладините организации организира периодични состаноци со цел координација на спроведување на мерките и активностите од Стратегијата.

### *Мерка 4 •*

Дополнително, во рамките на генеричката обука за креирање политики и стратешко планирање која ја спроведува Генералниот секретаријат на Владата, односно Секторот за анализа на политиките и координацијата, а во која се вклучени државните службеници од сите министерства, во периодот од февруари до декември 2008 година на вкупно 25 обуки како посебни теми беа презентирани: Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; Надлежностите на Одделението; и, Кодексот на добри практики за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации.

## *Цел 4: Остварување меѓусекторска соработка*

### *Предвидени мерки • • • •*

Со четвртата цел од Стратегијата, Владата предвидува да промовира активна соработка меѓу граѓанските организации и владиниот сектор на централно и на локално ниво, а наедно и да промовира и спроведе долгорочни стратегии во дадена област, проекти за одредена цел и други активности кои се од значење за заедницата.

Следните мерки се предвидени како основа за постигнување на оваа цел:

1. Вклучување на граѓанските организации во подготвување и спроведување проекти и активности кои се од заеднички интерес за Владата, граѓанските организации и граѓаните и обезбедување финансиска поддршка преку грантови или договори;
2. Основање меѓусекторски советодавни тела за разгледување и спроведување одредени проекти;
3. Создавање механизми за соработка помеѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување услуги;
4. Воведување граѓански дневник како ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги и борбата против бирократијата и корупцијата.

**Одговорни органи се Генералниот секретаријат и другите органи на државната управа.**

Рокот за реализација на овие мерки е 2007-2008 интензивно, а континуирано следење ќе се оствари во периодот 2009-2011.

## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерка 1 •*

Министерството за труд и социјална политика, заедно со Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и релевантни граѓански организации редовно соработуваат на заеднички проекти во областите на семејното насилство и трговијата со луѓе. Исто така, Министерството за труд и социјална политика реализира заеднички проекти со граѓански организации со цел спроведување на мерките определени со Декадата на Ромите[7].

Министерството за здравство спроведува заеднички активности (кампањи) во соработка со Македонското женско лоби во рамките на програмите за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај

[7] http://www.nvosorabotka.gov.mk Извештај за реализираните активности предвидени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2007 година, страница 10

жените и Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката[8].

Министерството за внатрешни работи во одредени сегменти од своето работење интензивно соработува со граѓанските организации. Со цел справување со трговијата со луѓе и илегалната миграција, во Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, покрај релевантните меѓународни организации, вклучени се и локални граѓански организации, како: Среќно детство, Отворена порта, Коалиција - Сите за правично судење, ЦГИ, Семпер, СОЖМ[9].

Агенцијата за млади и спорт во 2007 година, во соработка со Коалицијата на младинските организации „Сега“, ја спроведоа Кампањата за поттикнување на спроведувањето на Националната стратегија за млади на Република Македонија. Од оваа активност произлезени се повеќе последователни документи и обврски коишто треба да послужат како основа за поефикасно спроведување на Националната програма.

Министерството за животна средина и просторно планирање редовно соработува со граѓанските организации при решавање на еколошките проблеми и подигање на јавната свест кај граѓаните. Карактеристично за оваа институција е што од 1999 година ја има отворена Канцеларијата за комуникација со јавноста чија основа цел е подигање на еколошката јавна свест[10].

Министерството за одбрана остварува редовна соработка на заеднички проекти со организации коишто работат во областа на одбраната и безбедноста и интеграциите во НАТО, како што се: Организацијата на резервни воени старешини, Организацијата на воените ветерани, Евроатлантскиот совет на Република Македонија, Балканскиот форум за безбедност и др[11].

### *Мерки 2 и 3* • •

Поголемиот дел од предвидените мерки и активности не се остварени. Директна соработка на заеднички проекти е многу мала. Не постојат меѓусекторски советодавни тела за разгледување и спроведување одредени проекти, не се воспоставени механизми за соработка помеѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување услуги.

### *Мерка 4* •

Од друга страна, граѓанскиот дневник, како можност за поедноставен пристап до услугите на министерствата, функционира. На веб-страниците на сите министерства постои посебен дел кој се однесува на граѓанскиот дневник и кој содржи информации за процедурите во надлежност на министерствата и за одговорните лица од коишто може да се бара информацијата/поддршката. Исто така, во сите министерства и други органи на државната управа кои имаат директна комуникација со граѓаните поставени се пултови во кои има на располагање формулари за оценка на работата на органите на државната управа. Ова е механизам за контрола на работата на Владата и другите органи на државната управа, кој граѓаните сè уште не го користат доволно. Генералниот секретаријат прави тримесечни извештаи за граѓанскиот дневник, но поради малиот број доставени формулари, не може да се извлече заклучок.

## *Цел 5: Вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европската Унија*

### *Предвидени мерки* • • • •

Со оваа цел се предвидува зголемување на улогата и учеството на граѓанските организации во процесот на интеграција во Европската Унија, преку воспоставување механизми со кои ќе се гарантира вклучувањето на граѓанскиот сектор преку консултирање со него во подготовката, усогласувањето, спроведувањето следењето и оценката на мерките, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи.

Следните мерки се предвидени со ова цел:

1. Да се воспостави механизам за консултации на граѓанските организации во подготовка, усогласување, спроведување, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи;
2. Да се донесе одлука за креирање партнерства помеѓу Владата и граѓанските организации со цел целосно вклу-

[8] Ibid, страница 12
[9] Ibid, страница 12
[10] Ibid, страница 15
[11] Ibid, страница 15

чување на сите крајни корисници во процесот на европска интеграција и искористување на ИПА;

3. Да се усвои Рамковната регулатива за спроведување на инструментот ИПА од страна на Владата, по нејзиното усвојување од страна на Европската комисија.
4. Да се продолжат воспоставените практики на соработка со граѓанскиот сектор согласно Стратегијата за обука за службеници на државната администарција на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија.

**Одговорни органи за спроведување на активностите се Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат.**

Рокот за спроведување на активностите е 2007-2011.

## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерка 1 •*

Механизам кој подразбира редовно и, пред сè, навремено и суштинско вклучување на граѓанскиот сектор во подготовката и усогласувањето на националните развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи, не е воспоставен.

### *Мерки 2 и 3 • •*

И покрај постоењето на принципот на партнерство од спроведувачките правила (ЦР бр. 718/2007 од 12 јуни 2007 година) на ИПА за консултации со граѓанскиот сектор, Секретаријатот за европски прашања не ги вклучи граѓанските организации во консултативниот процес при подготовка на Повеќегодишниот индикативен документ (МИПД). Организациите единствено своите коментари можеа да ги достават до делегацијата на Европската комисија во Скопје која организира јавна презентација и расправа во однос на МИПД. Програмирањето по компоненти и години исто така не се одвива со соодветна вклученост на граѓанските организации. Со планот за ИПА 2007, директна поддршка за граѓанските организации не е предвидена. За разлика од ова, планот за ИПА 2008 содржи директна финансиска поддршка за граѓанските организации. Истата е обезбедена преку интервенцијата која ја направија граѓанските организации преку можноста која ја даде Делегација на Европската комисија да се коментира за МИПД и годишните планови и залагањата на Одделението за соработка со невладините организации.

Различно од праксата, при подготовка на планот за ИПА 2007 и 2008 година, на 7 август 2008 година на иницијатива и во организација на Одделението за соработка со невладините организации и Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ), одржана е консултативна средба за подготовка на ИПА 2009. На истата учествуваа повеќе од 30 организации.

### *Мерка 4 •*

Во 2008 година е воспоставена и уште една пракса која е во насока на вклучување на граѓанските организации. Имено, од страна на министерствата и други владини тела се вклучуваат претставници од граѓанските организации во работните тела кои се формираат со цел следење на оперативните програми од ИПА. Соодветните министерства ги испраќаат поканите најчесто до ГПМ од која се бара самоорганизирање и избор на претставник. ГПМ, иако е мрежа на 30 организации, повиците ги препраќа до поголем број граѓански организации со цел да се обезбеди поголема опфатност во изборот.

Во мај 2008 година направен е избор на претставници од граѓанскиот сектор во Секторскиот комитет кој претставува одговорно тело за следење на спроведувањето на Оперативната програма за регионален развој. Министерството за животна средина и просторно планирање беше одговорната институција која се обрати до граѓанскиот сектор. Исто така, во септември 2008 година, на транспарентен начин заснован на однапред зададени критериуми, избран е претставник од граѓанскиот сектор и во Секторскиот комитет за следење на оперативната програма за развој на човечките ресурси. Одговорна институција за оваа компонента е Министерството за труд и социјална политика.

Претставници на граѓанскиот сектор се застапени и во Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) на Република Македонија со Економско-социјалниот комитет на Европската Унија. Изборот на двајцата претставници се одвиваше во соработка на Министерството за надворешни работи и Одделението за соработка со невладините организации кои упатија повик преку ГПМ да се номинираат претставниците од граѓанскиот сектор.

## *Цел 6: Создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор*

### *Предвидени мерки • • • • • • • •*

Покрај првата цел која се однесува на надградба на правната рамка за граѓанските организации, и шестата цел се однесува директно на развој на граѓанскиот сектор и создавање поволна околина за негово дејствување. Предвидени се следните мерки:

1. Да се подготви и донесе нова одлука за начинот и критериумите за распределба на средства од буџетски извори;
2. Да се измени Законот за игрите на среќ а и забавните игри и да се донесе акт за распределба;
3. Да се подготват предлог-измени на даночните закони (данок на добивка, ДДВ, персонален данок на доход) и други закони кои влијаат на работата на граѓанските организации;
4. Да се разгледаат можностите да се создаде систем за вклучување на граѓанските организации во спроведување на активностите од нивниот ресор (на пример, преку определување стандарди, доделување лиценци за давање социјални услуги) преку кои граѓаните ќе имаат поголем избор во однос на давачи на услуги, но и ќе се зголеми квалитетот на услугите;
5. Да се направи анализа на примената на Законот за сметководство на непрофитните организации и да се подготват измени за да се подобри правната рамка за финансиско работење;
6. Да се подготви план за следење на примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности;
7. Да се соработува со деловни субјекти и граѓански организации и да се поддржат програми за социјално одговорни деловни субјекти;
8. Да се подготви и донесе закон за волонтерство, како и стратегија за промовирање и развој на волонтерството.

**Одговорни институции се Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за економија, Агенцијата за млади и спорт и Генералниот секретаријат.**

Предвидените рокови се 2007-2008 интензивно и останатиот период за континуирано следење.

## *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

### *Мерки 1 и 2 • •*

Неколку активности беа реализирани во 2007 година како дел од проектот „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата“. Беше подготвена споредбена анализа за начините на директна финансиска поддршка на граѓанските организации од страна на државата, направен беше преглед на поддршката која се дава во Македонија. Врз основа на овие анализи, подготвена е информација со предлог-мерки коишто требаше да ги усвои Владата на Република Македонија. Предложените мерки содржеа: Упатство за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија; Измени за Законот за игрите на среќа и забавните игри; и, Одлука за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри. По извршените консултации со министерствата, од пакетот мерки усвоен е само Кодексот за добри практики за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации од буџетот на Република Македонија. Кодексот се темели на одредбите кои беа предвидени со предлог-упатството. Со тоа, направени се промени во однос на подобрување на критериумите за доделување финансиски средства, но не и на висината на средствата коишто се издвојуваат од буџетот. И, понатаму, најголемиот дел од средствата (особено тие коишто се издвојуваат од игрите на среќа и забавните игри) се резервирани за ексклузивен број организации.

Во 2008 година, иако огласот за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации од буџетот беше објавен навреме и во согласност со одредбите кои се препорачуваат во Кодексот, сепак понатамошното следење на препораките од Кодексот изостанаа, пред сè во однос на запазување на роковите.

Одделението за соработка со невладините организации, со цел да придонесе кон подобрување на начинот на финансирање на граѓанските организации од страна на државата и нивно запознавање со процедурите пропишани во Кодексот, во текот на октомври и ноември 2008 година одржа 7 работилници на

темата „Зајакнување на пристапот на невладините организации до средствата од државниот буџет“ во: Гостивар, Прилеп, Охрид, Штип, Струмица и Скопје (2) на кои учествуваа 266 претставници од 234 граѓански организации.

### *Мерка 3* •

Во даночните закони нема посебни олеснувања за граѓанските организации. Општите намалувања на стапката на персоналниот данок важат и за граѓанските организации, како и за другите субјекти.

### *Мерка 4* •

Во однос на услугите, односно спроведувањето активности од страна на граѓанските организации кои се во надлежност на министерствата, предничи Министерството за труд и социјална политика. Министерството има посебен регистар на здруженија на граѓани кои дејствуваат на полето на социјалната заштита и истите, во согласност со јавно објавените конкурси, се во можност да спроведуваат проекти. Така, во 2007 година четири проекти на Министерството се спроведени од страна на граѓански организации. Тоа се: Проектот за социјална заштита на децата на улица; Проектот за помош од дрога; Проектот за социјална заштита – Дневни центри за лицата над 18 години со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој; и, Проектот за заштита на жртвите на семејно насилство.

### *Мерки 5, 6 и 7* • • •

Не е подготвен план за следење на примената на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, нити програма за социјално одговорни деловни субјекти. Исто така, не е направена анализа на примената на Законот за сметководство на непрофитните организации.

### *Мерка 8* •

Во 2007 година, Министерството за труд и социјална политика го водеше процесот на донесување на Законот за волонтерство во кој беа вклучени граѓанските организации и во работната група за подготовка на Законот, а беа организирани и шест јавни расправи. Законот е донесен во јуни 2007 година.

Покрај финансиската поддршка која се издвојува директно од Владата и погореспоменатата поддршка од страна на Министерството за труд и социјална политика, директно финансирање има и од Министерството за здравство преку Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, кое поддржа неколку организации кои дејствуваат во областа на здравството, како: МИА, ХЕРА, ХОПС – опции за здрав живот, Избор, ЕГАЛ, Младински форум за соработка и др. Исто така и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава финансиска поддршка за земјоделските здруженија (Здружение на одгледувачите на овци од Гостивар; Здружение за заштита на растенијата на Република Македонија; Здружение на лозарите Витис; Сојуз на техничката култура во стопанството и др.).

Министерството за животна средина и просторно планирање редовно поддржува граѓански организации. Во 2007 година вкупната поддршка била околу 12.000.000 денари, а преку јавен повик биле поддржани 27 здруженија.

Агенцијата за млади и спорт во 2007 година поддржа 86 младински здруженија со вкупна висина на буџетот од 9.000.000 денари. Дополнително, согласно младинската политика, поддржани се 55 проекти со вкупен износ од 4.000.000 денари.

## *<u>Цел 7: Постојан развој на граѓанскиот сектор</u>*

### *Предвидени мерки* •

Последната цел од Стратегијата се однесува на поддршка на развојот на капацитетите на граѓанските организации на национално и на локално ниво, особено во руралните средини. За да се постигне оваа цел, предвидено е да се:

1. Поттикне развојот на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и во руралните средини;
2. Поддржат активности значајни за развој на секторот преку отворен и транспарентен процес на соработка со сите засегнати страни;
3. Иницира соработка и вклучување на медиумите во работењето на граѓанските организации преку постојано следење на нивните активности;
4. Создадат комуникациски мрежи за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа.

**Одговорни институции се Министерството за локална самоуправа, Генералниот секретаријат и граѓанските организации.**

Периодот на спроведување на овие активности е целиот период на спроведување на Стратегијата, односно 2007-2011 година.

### *Состојба заклучно со декември 2008 година:*

Одделението за соработка со невладините организации, во рамките на проектот „Техничка поддршка на Одделението за граѓанско општество во Владата", во јуни 2007 година, со цел да се даде позитивен пример и да се поттикне соработката меѓу единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации, организира презентација на Стратегијата. На настанот беа поканети и учествуваа градоначалници и претставници од единиците на локалната самоуправа.

Други мерки коишто се предвидени со оваа цел не се реализирани.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## *6.1. Заклучоци*

1. Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор донесена на 23 јануари 2007 година од страна на Владата на Република Македонија со временска рамка 2007–2011 е во спроведување. Стратегијата има акциски план со предвидени мерки, активности, рокови и одговорни институции.

2. Реализирањето на активностите е различно. Во одредени области има значителен прогрес, во дел од нив има напредок, но исто така има и непроменета ситуација во однос на поставените цели.

3. Како клучни постигнувања во овој период би ги истакнале следните:

- Донесен е Законот за волонтерство во исклучително партиципативен процес. Исто така, донесени се и подзаконските акти неопходни за спроведување на Законот (одговорна институција за процесот беше Министерството за труд и социјална политика);
- Иако не постои системско решение, сепак претставници на граѓанските организации се вклучуваат во работните групи за формулација на закони и стратегии кои се релевантни за нивното работење како, на пр: Работна група за Законот за здруженија на граѓани фондации (Министерство за правда), работна група за Законот за волонтерство (Министерство за труд и социјална политика), работна група за Законот за заштита од дискриминација (Министерство за труд и социјална политика) и сл.;
- Направени се измени во Деловникот за работа на Владата според кој предлогзаконите задолжително треба да се објавуваат на веб-страниците на министерствата и доколку има предлози, истите треба да бидат земени предвид или да се даде објаснување, доколку не се прифаќаат предлозите;
- Функционира граѓанскиот дневник како алатка за поедноставен пристап на граѓаните до услугите кои ги даваат органите на државната управа (одговорен за активноста е Генералниот секретаријат на Владата).

4. Цели во кои не е забележан напредок се следните:

- И покрај неколкуте примери од некои од министерствата и активностите кои ги презема Генералниот секретаријат на Владата, сепак нема централно воспоставен систем на вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање на политиките, особено во процесот на подготовка и донесување на буџетот на Република Македонија;
- Освен донесувањето на Кодексот за добри практики за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации од страна на државата кој не е обврзувачки акт, нема подобрување на финансирањето на граѓанските организации од страна на државата;
- Не се преземени мерки за развој на граѓанскиот сектор во руралните средини.

5. Програмите и активностите на неколку министерства и други органи на државната управа кои се поврзани со соработката и развојот на граѓанскиот сектор се усогласени со целите и мерките предвидени со Стратегијата. Пример се Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за млади и спорт.

6. Организациската поставеност на Одделението за соработка со невладините орга-

низации во рамките на Генералниот секретаријат на Владата секогаш не ја дозволува флексибилноста и потребниот авторитет во хиерархијата на Генералниот секретаријат на Владата за реакција и проактивно дејствување со цел реализација на мерките на Стратегијата, но и на директната комуникација со граѓанските организации.

7. Поголемиот дел од спроведените активности се реализирани во ситуација кога постоела финансиска поддршка однадвор (проектот финансиран од Европската Унија за техничка поддршка на Одделението или други донации кои ги обезбедило Одделението), или кога за истите има потреба за усогласување со европските и со други меѓународни стандардите или директно со законодавството на Европската Унија.

И покрај заложбите на Одделението за соработка со невладините организации и Генералниот секретаријат на Владата, во отсуство на буџет за реализација на активностите очекувано е потфрлање во реализацијата на планот.

Немањето програмски буџет на Одделението за соработка со невладините организации дополнително го отежнува процесот на спроведување на мерките.



## *6.2. Препораки*

1. Потребно е реализирање одредени мерки од Стратегијата кои според поставеноста и меѓусебните односи имаат клучна улога за целосно спроведување на Стратегијата. Тоа се:

- Донесување закон за здруженија и фондации кој ќе ги содржи промените за кои се залага граѓанскиот сектор и кои се наведени во стратегијата како приоритет;
- Измени на Законот за донации и спонзорства од јавните дејности и усогласување со другите релевантни закони со цел негова примена;
- Системско решение на вклучување на граѓаните во креирањето на политиките, почнувајќи со целосни измени на Деловникот за работа на Владата;
- Донесување акт со обврзувачка сила кој ќе се однесува на транспарентните критериуми за финансиска поддршка на граѓанските организации, а со тоа и измени во одредени закони со кои ќе се обезбедат соодветни буџетски средства потребни за одржливост на граѓанските организации.

2. Министерствата и другите органи на државната управа при подготовка на годишните планови, во делот на соработка и поддршка на граѓанскиот сектор, да се водат од мерките коишто се предвидени во Стратегијата.

3. Со цел поголема видливост, влијание и проактивно дејствување во одредени ситуации на Одделението за соработка со невладините организации, потребно е да се разгледа можноста за подигање на нивото на Одделението во структурата на Генералниот секретаријат (пр. на ниво на сектор).

4. Со предвидената среднорочна оценка на Стратегијата која треба да се спроведе во средината на 2009 година, потребно е да се предвиди и процена на неопходниот буџет за нејзино спроведување, но исто така потребно е обезбедување годишен програмски буџет за Одделението. Врз основа на процената, да се обезбедат финансиските средства од буџетот на државата или од достапните средства од фондовите ИПА.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат, **Кодекс на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите (со обрасци),** Скопје, 2008

Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат, **Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор,** Скопје, 2007 година

Влада на Република Македонија, Генерален секретаријат, Одделение за соработка со невладините организации, **Извештај за реализираните активности предвидени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во 2007 година** (интернет) ‹http://www.nvosorabotka.gov.mk›, (посетена во октомври 2008)

**Закон за здруженија на граѓани и фондации 1998**, Скопје, Собрание на Република Македонија

**Закон за донации и спонзорства од јавните дејности, 2006,** Скопје, Собрание на Република Македонија

**Закон за волонтерство, 2007,** Скопје, Собрание на Република Македонија

„Службен весник на РМ“ бр. 36/8, **Деловник за работа на Владата на Република Македонија** (пречистен текст)

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1: НАДГРАДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА** | | | | |
| *Изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации и донесување подзаконски акти* | | | | |
| • Подобрени услови за основање и функционирање на граѓанските организации.<br>• Граѓанските организации директно се занимаваат со стопански дејности, со што ќе се зголемат можностите граѓанските организации да се здобијат со средства од сопствени извори за остварување на статутарните активности и покривање на трошоците за работење.<br>• Посебен статус за граѓанските организации кои се занимваат со активности од јавен интерес.<br>• Објективен, одговорен и транспарентен механизам за давање даночни бенефиции и други видови поддршка од страна на државата, преку кој ќе се создаде основа за одржливост.<br>• Поголема одговорност во работењето на граѓанските организации. | • Изменување на Законот за здруженија на граѓани и фондации.<br>• Усвојување на подзаконските акти. | • Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготовка на предлог-измените и подзаконските акти.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на предлог-измените и подзаконските акти.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка. | Забележан е добар напредок при реализирање на оваа група мерки.<br>• Формирана е меѓусекторска работна група во која има претставници на граѓанските организации<br>• Отпочната е формулација на нов ЗЗГФ согласно барањата на граѓанскиот сектор. | **½ 2007 Министерство за правда, Генерален секретаријат** |
| *Спроведување на донесените решенија* | | | | |
| Конзистентно и хармонизирано спроведување на правните одредби кои се однесуваат на граѓанските организации. | • Промовирање на законските решенија меѓу граѓанските организации.<br>• Јакнење на капацитетите на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации кои ќе го применуваат законот.<br>• Следење на спроведување на законот и подзаконските акти. | • Организирање образовни и информативни настани за граѓанските организации.<br>• Организирање семинари за владините службеници кои ќе го применуваат законот.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка. | Нема напредок во оваа група мерки, бидејќ и зависи од целосната реализација на претходните | 2007-2008 (интензивно) 2009-2011 (континуирано следење)**Министерство за правда, Генерален секретаријат** |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| *Активно учество на претставници на граѓанските организации во државни советодавни и други тела* | | | | |
| Граѓанските организации учествуваат во работата на советодавни тела и други државни тела и се вклучени во процесот на креирање, спроведување и следење на јавните политики. | • Усвојување измени на правните акти за учество на граѓанските организации во работата на стручните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и други советодавни тела.<br>• Градење на капацитетите на државните службеници.<br>• Градење на капацитетите на граѓанските организации за спроведување на правните акти.<br>• Создавање коалиција со граѓанскиот сектор за сузбивање на корупцијата. | • Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување измени на правните акти.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за вклучување на граѓанските организации во борбата против корупцијата.<br>• Донесување на правните акти од страна на Владата за вклучување на граѓанските организации во стручните совети на Владата - Правниот и Економскиот совет и други советодавни тела.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на правните акти , како и коалицијата.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• Организирање образовни и информативни настани за државни службеници и за граѓанските организации. | Нема напредок во ова група мерки | 2007-2008 Министерство за правда, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 2: УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ** | | | | |
| *Воспоставување механизми за учеството на граѓаните и нивните организации во процесите на донесување одлуки* | | | | |
| • Развиен систем за вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки на сите нивоа.<br>• Граѓанските организации учествуваат во креирање, спроведување и следење на јавните политики и подготовка на државните акти.<br>• Предлог-законите се достапни на јавноста преку интернет-страниците на министерствата и другите органи на државната управа.<br>• Мислењата на граѓанските организации се разгледани и вклучени во процесот на одлучување.<br>• Граѓанските организиации се вклучени во подготовката на Буџетот на Република Македонија. | • Изменување на Деловникот за работа на Владата и воведување механизми кои ќе овозможат информирање и активно учество на претставници на граѓанските организации во донесувањето политики, закони и други одлуки преку јавни дискусии и поднесување мислења.<br>• Градење на капацитетите на државните службеници и граѓанските организации за спроведување на измените на Деловникот.<br>• Следење на спроведувањето на измените на Деловникот.<br>• Изготвување мерки за соработка и партиципација на граѓанските организации во процесот на подготовка на буџетот на Република Македонија. | • Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување измени на Деловникот за работа на Владата.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за утврдување мерки за вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на Буџетот на Република Македонија.<br>• Донесување измени на Деловникот за работа на Владата за воведување механизми за вклучување на граѓанските организации во процесите на донесување одлуки.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на Деловникот и во изготвувањето на мерките.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка.<br>• Организирање образовни и информативни настани за државните службеници и граѓанските организации. | Забележан е мал напредок во оваа група мерки<br>• Не е формирана меѓусекторска работна група за измени на деловникот и вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на буџетот<br>• Измените на деловникот во однос на вклучување на граѓанските организации во креирањето на политиките не се целосни (согласно на тоа, нема подготовка на практични материјали и нема план за спроведување и оценка) | 2007-2008 Министерство за правда, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 4: ОСТВАРУВАЊЕ МЕЃУСЕКТОРСКА СОРАБОТКА** | | | | |
| *Промовирање ефикасна соработка со граѓанскиот сектор* | | | | |
| • Координирана и функционална соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, која е насочена кон конкретни проекти и активности, развој на долгорочна стратегија во дадена област, што е од значење на заедницата, т.е. е од јавен интерес.<br>• Вклучување на граѓанските организации во подготвување и спроведување проекти и активности кои се од заеднички интерес на Владата, граѓанските организации и граѓаните<br>• Обезбедување финансиска поддршка за остварување на заедничките активности и проекти преку грантови или договори.<br>• Транспарентно следење на доделените средства за проектните активности.<br>• Следење на спроведувањето на донесените законски одредби и другите мерки предложени во стратегијата.<br>• Поефикасно идентификување на проблемите и задоволување на потребите на граѓаните и на граѓанските организации.<br>• Граѓаните и граѓанските организации директно придонесуваат кон подобрување на јавните услуги и борбата против бирократијата и корупцијата. | • Промовирање на Одделението за соработка со невладините организации во јавноста.<br>• Стимулирање на граѓанските организации да соработуваат, координираат и заеднички да настапуваат во своите активности и комуникација со Владата преку градење мрежи и платформи.<br>• Поддршка во процесот, обезбедување финансиска поддршка преку грантови или договори<br>• Надгледување на проектните активности и востановување на други механизми за следење.<br>• Воспоставување граѓански дневник за оценка на работата на органите на државната управа. | • Анализа на досегашната соработка меѓу Владата и граѓанските организации.<br>• Јавна расправа.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• Развивање бренд (лого) на Одделението за соработка со невладините организации, интернет-страница, промотивни материјали и лифлети, информативно гласило.<br>• Изготвување форумлар за оценка на работата на органите на државната управа, разгледување на резултатите, нивно објавување и постапка за истите.<br>• Формирање меѓусекторски советодавни тела за разгледување и спроведување на одредени проекти од јавен интерес.<br>• Формирање на меѓусекторско тело за креирање и следење на поддржаните проектни активности. | Забележан е делумен напредок во оваа група мерки<br>• Развиен е бренд на Одделението и воспоставени се комуникациски канали<br>• Директна соработка на заеднички проекти не постои<br>• Не се формирани меѓусекторски советодавни тела<br>• Не постои финансиска поддршка преку грантови или договори<br>• Воспоставен е граѓански дневник | 2007 (интензивно)<br>**2008-2011 (континуирано)**<br>Генерален секретаријат и други органи на државната управа |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 3: ОСТВАРУВАЊЕ МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | | | |
| *Обезбедување функционална мрежа за комуникација и координација на активностите поврзани со развојот на граѓанскиот сектор* | | | | |
| • Одделението за соработка со невладините организации ефикасно ги спроведува своите активности и ја координира и ја унапредува соработката меѓу Владата, граѓанските организации и другите органи на државната управа.<br>• Хармонизирано спроведување на принципите на генералната политика на соработка помеѓу Владата и граѓанските организации, со предлог истото да се примени и на локално ниво.<br>• Граѓанските организации имаат подобар пристап до министерствата и одговорните лица за соработка со кои можат да соработуваат и да ги вклучат во своите активности.<br>• Одговорните лица за соработка и државните службеници подобро ги разбираат можности кои произлегуваат од соработката со граѓанските организации.<br>• Државните службеници се обучени да ги промовираат и поефикасно да ги применуваат законските и подзаконските акти. | • Градење на капацитетите на Одделението за соработка со невладините организации, како и на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации.<br>• Развивање систем за размена на информации, искуства, како и консултации помеѓу Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации со цел поефикасно и координирано спроведување на целите на стратегијата, законските и подзаконските акти.<br>• Поттикнување размена на искуства со единиците на локалната самоуправа со цел да помогне во спроведување на целите на стратегијата.<br>• Следење на спроведувањето на мерките. | • Утврдување на функциите на Одделението за соработка со невладините организации (опис на надлежности), како и начинот на соработка со други органи на државата.<br>• Назначување одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации во соодветните институции.<br>• Промовирање одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации и подготовка на практични материјали.<br>• Развивање редовно информирање на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации за активностите на Одделението за соработка со невладините организации, внатрешна листа на комуникација/дистрибуција, месечни информативни состаноци.<br>• План за континуирана обука на Одделението за соработка со невладините организации и одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации: дообразование и едукација за граѓанското општество и работата на граѓанските организации, формално-правната импликација на законите поврзани со граѓанските организации, како и на актите кои ќе се изготват како резултат на оваа стратегија.<br>• Координација од страна на Министерството за локална самоуправа за размена на искуства на централно и локално ниво. | Забележан е значителен напредок при реализирање на оваа група мерки.<br>• Реализирани се најголемиот дел од планираните активности. Останува уште координацијата од страна на Министерството за локална самоуправа за размена на искуствата од централно на локално ниво. | 2007-2008 (интензивно)<br>**2009-2011 (континуирано следење)** Генерален секретаријат и други органи на државната управа |

<table>
<tr><th>Резултати</th><th>Мерки</th><th>Активности</th><th>Забелешка</th><th>Одг. инст.</th></tr>
<tr><td colspan="5">ЦЕЛ 6: СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР</td></tr>
<tr><td colspan="5">Подобрување на рамката за директно финансирање од државата</td></tr>
<tr><td>• Транспарентно и конзистентно доделување средства од буџетот на Република Македонија, игрите на среќа и забавните игри, како и други извори.<br>• Граѓанските организации имаат еднаков пристап до јавните средства што ја зголемува можноста за финансиска одржливост на граѓанските организации.<br>• Поддршката е насочена пред сè кон активности кои целат кон задоволување на потребите на граѓаните.<br>• Граѓанските организации ги користат средствата поодговорно, постои поголема отчетност и транспарентност во нивното работењето што ја олеснува можноста за следење и оценка на спроведувањето на финансираните активности.<br>• Граѓанските организации имаат подеднаков пристап до државните фондови за испорака на социјални услуги.</td><td>• Донесување нова одлука за критериуми за распределба на средства од буџетски извори, игрите на среќа и забавните игри, како и други извори, со јасно дефинирани принципи и критериуми.<br>• Следење на спроведувањето на одлуката.<br>• Изменување на Законот за игрите на среќа и забавните игри.<br>• Создавање механизми за соработка помеѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување на услугите (пр. лиценцирање).</td><td>• Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на одлуката.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на измените на Законот за игрите на среќа и забавните игри.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за вклучување на граѓанските организации во спроведување на услугите.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на одлуката и механизмите.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка.<br>• Составување база на податоци за граѓанските организации на кои ќе им бидат доделени средства од буџетот на Република Македонија.</td><td>Забележан е делумен напредок во оваа група мерки.<br><br>• Донесен е Кодексот на добри практики за финансирање на здруженија на граѓани и фондации од страна на државата. Кодексот, иако содржи транспарентни критериуми, мерки и процедури за финансирање, истиот не е задолжителен акт за органите на државната управа.</td><td>2007 Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт</td></tr>
</table>

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 5: ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА** | | | | |
| *Вклучувањето на граѓанскиот сектор во утврдување на политиката и законодавството поврзано со евроинтеграцијата* | | | | |
| • Активна вклученост и придонес на граѓанските организации со целиот свој капацитет во процесот на подготовка и спроведување национални развојни планови, оперативни програми и соодветни стратешки документи.<br>• Владата го поддржува процесот на јакнење на капацитетите на граѓанските организации преку можностите што ги нуди инструментот ИПА. | • Воспоставување механизам за консултации на граѓанските организации во подготовката, усогласувањето, спроведувањето, а особено во процесот на развивање национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи.<br>• Воспоставување механизам/платформа за активно учество на граѓанските организации во процесот на консутлација за приоритетите во програмирањето на инструментот за претпристапна помош -ИПА.<br>• Усвојување на Рамковната регулатива за спроведување на инструментот ИПА од страна на Владата, по нејзиното усвојување од страна на Европската комисија. | • Изработка на национални развојни планови, оперативни програми и други стратешки документи. | Забележан е делумен напредок во оваа група мерки.<br>• Не е воспоставен општ механизам за вклучување на граѓанските организации во подготовката на националните развојни планови и други документи поврзани со интеграциите во ЕУ<br>• Забележани се поединечни случаи во кои органите на државната управа ги вклучуваат граѓанските организации во работните тела за следење на ИПА. | 2007-2011 Секретаријат за европски прашања, Генерален секретаријат |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| *Поттикнување на филантропијата* | | | | |
| • Граѓанските организации го сфаќаат и соодветно го применуваат приниципот на филантропија.<br>• Деловните субјекти и физичките лица се стимулирани финансиски да ги поддржат активностите на граѓанските организации и да придонесат кон развојот на граѓанскиот сектор.<br>• Владата, деловните субјекти и граѓанските организации соработуваат и заеднички придонесуваат кон развојот на заедницата и мобилизирање средства од приватни извори. | • Изменување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br>• Следење на спроведувањето на Законот.<br>• Поддршка на програмите за социјално одговорни претпријатија. | • Анализа на примената на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на предлог-измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на даночните закони.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка.<br>• Заедничка меѓусекторска организација на настани кои се поврзани со промоција на филантропијата и социјалната одговорност. | Забележан е делумен напредок во оваа група мерки.<br>• Иако е направено одредено усогласување со даночните закони и донесени се подзаконски акти за негова примена, сѐ уште Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, во најголем дел, е неприменлив.<br>• Не се забележани активности за афирмирање на социјалата одговорност на претпријатијата. | 2007–2008 (интензивно) 2009-2011 (континуирано следење)<br>Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| *Создавање поволна даночна и фискална рамка за поддршка* | | | | |
| • Развиени механизми за самофинансирање на граѓанските организации и остварените средства ги користат за спроведување на своите статутарни активности и стратешки цели.<br>• Подобрена правна рамка за финансиско работење на граѓанските организации.<br>• Даночните закони се хармонизирани со европските практики. | • Изменување на даночните закони (на добивка, ДДВ, на имот, на пресонален доход) и други закони кои влијаат на работата на граѓанските организации со што се подобрува пристапот до ресурси.<br>• Изменување на Законот за сметководство на непрофитните организации, поради подобрување на правната рамка за финансиско-сметководственото работење.<br>• Следење на спроведувањето на законите. | • Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Анализа на примената на Законот за сметководство.<br>• Јавни расправи.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на предлог-измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на измените на даночните закони и Законот за сметководство.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка. | Забележан е делумен напредок во оваа група мерки.<br>• Измените во даночните закони, иако се општи за сите правни и физички лице, истите влијаат на олеснето работење на граѓанските организации. | 2007-2009 Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 7: ПОСТОЈАН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР** | | | | |
| *Постојан развој на граѓанскиот сектор и негово зајакнување* | | | | |
| • Граѓаните ја препознаваат соработката на Владата со граѓанскиот сектор и активностите кои ги презема во таа насока.<br>• Секторот активно придонесува во развојот на заедницата и исполнувањето на интересите на граѓаните.<br>• Граѓаните го препознаваат позитивното влијание на граѓанските организации во општествените текови, ги поддржуваат и учествуваат во нивните активности.<br>• Медиумите професионално известуваат за активностите на граѓанските организации, ги поддржуваат и информираат за нивните активности со цел да се подобри имиџот на граѓанските организации.<br>• Единиците на локалната самоуправа ја препознаваат важноста на стратегијата преку системско вклучување на граѓанските организации во нивната работа и при информирањето на граѓаните ги вклучуваат и активностите на граѓанските организации на локално ниво. | • Потттикнување развој на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и во руралните средини.<br>• План за поддршка на активности значајни за развој на секторот преку отворен процес на соработка со сите засегнати страни.<br>• Иницирање соработка и вклучување на медиумите во работењето на граѓанските организации преку постојано следење на нивните активности.<br>• Создавање комуникациски мрежи за споделување на позитивните примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа да се поттикне развојот на локалните граѓански организации, особено надвор од главниот град и во руралните средини и да се промовира институционализирање на соработката и на локално ниво. | • Истражување на секторот; воведување наставни програми за развојот на граѓанското општество и суштината на постоење и начинот на функционирање на граѓанскиот сектор во образованието; поддршка на правни совети за развој на мали граѓански организации, сметководствени услуги.<br>• Поддршка на процесите на граѓанскиот сектор во активностите за самоорганизирање во мрежи и платформи.<br>• Анализа на досегашната соработка со медиумите и единиците на локалната самоуправа.<br>• Јавна расправа.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на плановите и мрежите. | Не е забележан напредок во оваа група мерки | 2007-2011 Генерален секретаријат, Министерство за локална самоуправа и други органи на државната управа |

| Резултати | Мерки | Активности | Забелешка | Одг. инст. |
|---|---|---|---|---|
| *Промовирање на волонтерството* | | | | |
| • Подобрени услови и рамка за волонтирање.<br>• Зголемена граѓанската активност и учество во решавање на проблемите на заедницата преку волонтерски ангажман. | • Подготовка на Закон за волонтерство.<br>• Подготовка на Стратегија за промовирање и развој на волонтерство и акциски план за спроведување<br>• Следење на спроведувањето на законските решенија.<br>• Следење на спроведувањето на планот. | • Идентификување на актерите, нивните меѓусебни односи, приоритетите, како и споредбена анализа.<br>• Јавна расправа.<br>• Формирање меѓусекторска работна група за подготвување на законот и Подготовка на Стратегијата и Акцискиот план за спроведување.<br>• Техничка поддршка во процесот на подготовка на законот, стратегијата и акцискиот план.<br>• Подготовка на практични материјали.<br>• План за следење на спроведувањето и оценка.<br>• Промоција на волонтерството. | Забележан е одличен напредок во оваа група мерки<br>• Донесен е закон за волонтерство, како и подзаконски акти за негова примена | 2007-2008 (интензивно)<br>2009-2011 (континуирано следење) Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за економија, Агенција за млади и спорт |